| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Пред Нова Година |
| **Содржина на денот** | Што сакам да ми донесе Дедо Мраз |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Стекнување на знаења за средствата и приборот за лична хигиена и зајакнување на навиките за нивно редовно и правилно користење. |
| **Активност** | Со Вашето дете разговарајте за сеќавањата од Новогодишните празници, на што најмногу се сеќаваат и се радуваат.<br>Прочитајте им текст од детските списанија „Росица” или „Супер Смешка” и пренесете им ја пораката од Дедо Мраз:<br><br>Дечиња мои<br>бидете поздравени<br>не лутете се, ве молам<br>не сте заборавени.<br><br>Токму на полноќ<br>ќе бидам кај вас<br>срдечни поздрави<br>од вашиот Дедо Мраз.<br><br>Потоа детето нека ви ги раскаже своите желби и што сака да му донесе Дедо Мраз за подарок.<br>Потоа можете да направите лампион. На хартија за печење, со течен лепак исцртајте геометриски форми кои потоа можете да ги обоите, украсите со светкави додатоци или украсни трошки за торта. Внимателно притиснете со дланка и почекајте да се исуши лепакот<br>(слика 1,2,3,4). |